1850
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603 1125

Петок, 18 мај

БЕЛГРАД

БРОЈ 23 ГОД. XXXV

[illegible] 0 динари. — Претплатата за 1979 година изнесува 800 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

382.

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОБЛАСТА НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И ЗА СИСТЕМОТ НА МЕРКИТЕ СО КОИ СЕ СПРЕЧУВА НАРУШУВАЊЕ НА ЕДИНСТВОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПАЗАР ВО ТАА ОБЛАСТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушување на единството на југословенскиот пазар во таа област, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 16 мај 1979 година.

ПР бр. 774
16 мај 1979 година
Белград

Потпретседател на Претседателството на СФРЈ,

Лазар Колишевски, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА РАБОТЕЊАТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО ОБЛАСТА НА ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ И ЗА СИСТЕМОТ НА МЕРКИТЕ СО КОИ СЕ СПРЕЧУВА НАРУШУВАЊЕ НА ЕДИНСТВОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПАЗАР ВО ТАА ОБЛАСТ

Член 1

Во Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушување на единството на југословенскиот пазар во таа област („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/76), по член 6 се додаваат три нова члена, кои гласат:

„Член 6а

Како промет на стоки на мало, во смисла на овој закон, се смета купувањето на стоки од производствени организации на здружен труд, од организации на здружен труд што увезуваат стоки, од организации на здружен труд што се занимаваат со промет на стоки на големо, од земјоделски и други задруги, од индивидуални земјоделци и работни луѓе што самостојно вршат занаетчиска и друга стопанска дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, и продажбата на тие стоки и стоки од сопствено производство на крајни потрошувачи.

Член 6б

Како промет на стоки на големо, во смисла на овој закон, се смета купувањето на стоки од производствени организации на здружен труд, од организации на здружен труд што увезуваат стоки, од организации на здружен труд што се занимаваат со промет на стоки на големо, од земјоделски и други задруги од индивидуални земјоделци и работни луѓе што самостојно вршат занаетчиска и друга стопанска дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, и продажбата на тие стоки на големи потрошувачи и на организации на здружен труд и работни луѓе што се занимаваат со продажба на стоки на мало.

Како промет на стоки на големо, во смисла на овој закон, се смета и продажбата на стоки што по налог од продавачот непосредно му се испорачуваат на купувачот од стовариште или од друго место определено од производителот, увозникот или од друга организација на здружен труд, без претходно складирање на тие стоки (транзитен промет).

Како големи потрошувачи, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат организациите на здружен труд и други општествени правни лица што купуваат стоки за преработка или за сопствена потрошувачка, како и работни луѓе што самостојно вршат стопанска дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, а купуваат стоки за вршење на својата дејност и тоа во количества вообичаени во прометот на големо.

Член 6в

Во случај на сомневање или спор, Стопанската комора на Југославија утврдува што се смета како промет на стоки на мало, а што како промет на стоки на големо, во смисла на чл. 6а и 6б од овој закон."

Член 2

Во член 9 се додава нов став 2, кој гласи:

„Под неоправдано зголемување на цени, во смисла на овој закон, се подразбира особено зголемувањето на цени кое не е во согласност со политиката на цените утврдена со резолуциите, со договорите за спроведување на политиката на цените, со актите на органите на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници врз основа на кои се формираат цените, со општествените договори и самоуправните спогодби за цените."

Член 3

Во член 16 став 2 по точка 3 се додава нова точка 3а, која гласи:

„3а) ако продава стоки на начин и под услови со кои на купувачите им се отежнува или оневозможува купување на стоки, со кои неоправдано се зголемуваат цените на стоките или со кои се придонесува кон неоправдан прилив на средства во корист на општествено-политичката заедница на чија територија се наоѓа седиштето на организацијата на здружен труд;".

Во точка 4 по зборот: „условува" се додаваат зборовите: „изречно или премолчно".

По став 2 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Под соодветна (вообичаена) камата, во смисла на одредбата на точка 4 став 2 од овој член, се подразбира најмалку таква камата што банките ја плаќаат на штедните влогови на граѓаните по видување односно камата што банките ја даваат на средствата што се депонирани по видување на жиро-сметка кога купувачи се организациите на здружен труд и други правни лица.

Обврската за плаќање на соодветна (вообичаена) камата се однесува и на уплатените аконтации.

Организациите на здружен труд не се должни на купувачот да му плаќаат камата од став 3 на овој член, ако испораката на стоките ја извршат во рок од триесет дена од денот на извршената уплата од страна на купувачот."

Во досегашниот став 3, кој станува став 6, по зборовите: „точ. 1,", се додаваат зборовите: „3а,".

Член 4

Во член 43 став 2 бројот: „300" се заменува со бројот: „500".

Во став 3 по зборовите: „инспектори можат" се додаваат зборовите: „на лицето од ст. 1 и 2 на овој член".

Член 5

Во член 44 став 1 по зборот: „прекршок" се додаваат зборовите: „продавач и".

Член 6

Во член 45 став 2, на крајот, се додаваат запирка и зборовите: „како и заштитна мерка одземање на предметот со кој е извршен прекршокот".

Член 7

Одредбите од овој член не се однесуваат на текстот на македонски јазик.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

383.

Врз основа на член 322 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1979 година

ГО ПРОГЛАСУВА ИЗБОРОТ И ГО ОБЈАВУВА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:

Претседателот на Претседателството на СФРЈ другарот Јосип Броз Тито, Претседател на Републиката.

Членовите на Претседателството на СФРЈ:

од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина Цвиетин Мијатовиќ;

од Социјалистичка Република Македонија Лазар Колишевски;

од Социјалистичка Република Словенија Сергеј Крајгер;

од Социјалистичка Република Србија Петар Стамболиќ;

од Социјалистичка Република Хрватска д-р Владимир Бакариќ;

од Социјалистичка Република Црна Гора Видое Жарковиќ;

од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина Стеван Дороњски;

од Социјалистичка Автономна Покраина Косово Фадил Хоџа.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 137
15 мај 1979 година
Белград

Претседател,
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
Зоран Полич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Доброслав Кулафиќ, с. р.

384.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 44 став 1 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 16 мај 1979 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОВАНИ ПАРИ ОД 25 ПАРИ

1. Народната банка на Југославија ќе издаде ковани пари од 25 пари.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ."

Собрание на СФРЈ

АС бр. 129
16 мај 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките,
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

385.

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и чл. 65, 66 и 67 од Деловникот за работата на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист СФРЈ", бр. 12/75), Претседателството на СФРЈ на седницата од 15 мај 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 15 мај 1979 година, се избира Лазар Колишевски, член на Претседателството на СФРЈ од СР Македонија.

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број О-4
15 мај 1979 година
Белград

Претседател
на Претседателството
Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

386.

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77 и 61/78), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување, односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/77, 30/77, 62/77, 10/78, 16/78, 41/78, 42/78, 7/79 и 19/79) по член 1в, се додава нов член 1г, кој гласи:

„ На прометот на следните производи кај кои вредноста на увозните суровини и материјали учествува со 50% и со повеќе од 50% во продажната цена во која не е засметан данокот на промет на производи, се плаќа основниот данок на промет на производи, и тоа:

1) на алкохолни пијачки (тар. број 4 точка 2 од Тарифата) — — — — — 180%

2) на запалки за цигари (тар. број 7 точка 1 од Тарифата) — — — — — — 150%

3) на карти за играње (тар. број 7 точка 3 од Тарифата) — — — — — 750%

4) на парфимериски, козметички и тоалетни производи од тар. број 33.06 од Царинската тарифа, освен на: прашоци и пасти за заби, лосиони за уста; пудри и кремови за деца; беби-масло и беби-млеко; пенливи шампони за бањање; шампони за коса; дезодоранси; депилатори; средства против потење; соли за капење; соли за нега на нозете; средства против мозоли; тоалетен вазелин и тоалетен глицерин (тар. број 8 точка 1 од Тарифата) — — — — — 90%

5) на кожи од рептилии (од змија, гуштер, крокодил и др.), природно крзно (освен овчо и јагнешко) и производи од тие кожи и крзна, како што се облека, обувки, галантерија и др. (тар. број 8 точка 2 од Тарифата) — — — — — — — 90%

6) на со рака јазлувани теписи со над 120000 јазли по 1 m^2 и на волнени простирки ткаени со рака, еднобојни и мелирани (тар. број 8 точка 3 од Тарифита) — — — — 90%

7) на природни бесценети камења и на природен бисер и предмети изработени со тие камења и бисер (тар. број 9 точка 3 алинеја прва од Тарифата) — — — — 75%

8) на предмети изработени од брусено кристално (оловно) стакло (тар. број 10 точка 7 став 2 од Тарифата) — — — — — 67%

9) на ѕидни часовници и часовници за на маса со механизам за отчукување и на рачни и џебни часовници (тар. број 9 точка 2 алинеја прва од Тарифата) — — — — 60%

10) на мотори за бродови и чамци со јачина поголема од 18 KS (тар. број 9 точка 2 алинеја втора од Тарифата) — — — 60%

11) на украсни стоки (тар. број 9 точка 2 алинеја трета од Тарифата) — — — 60%

12) на предмети изработени од небрусено кристално (оловно) стакло (тар. број 9 точка 1 алинеја втора од Тарифата — 45%."

Забелешките кон тар. бр. 4, 7, 8, 9 и 10 од Тарифата се применуваат и на прометот на производите од став 1 на овој член.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 445
10 мај 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ѓуриновиќ, с. р.

387.

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СЕЗОНСКИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПОГРАНИЧЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат следните сезонски гранични премини за меѓународен поморски сообраќај: Изола, Новиград, Опатија, Примоштен, Котор, Будва и Тиват.

2. Граничните премини од точка 1 на ова решение ќе работат од 19 мај до 31 октомври 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 446
10 мај 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ѓуровиќ, с. р.

388.

Врз основа на член 10 став 2 точка 4 и став 3 од Законот за Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр 36/75), во согласност со Сојузниот извршен совет, Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ И ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАНАРИНАТА ЗА СТАНОВИТЕ СО КОИ УПРАВУВА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНОВИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

Член 1

Во Одлуката за начинот на утврдување и за височината на станаринатa за становите со кои управува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи, бр. 213 од 30 јуни 1976 година, со измени и дополненија објавени во „Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 34/78, член 2 се менува и гласи:

„Месечен износ на станаринатa е износот што се добива кога бројот на квадратните метри корисна површина од станот ќе се помножи со збирот на бодовите што му одговара на станот и со утврдениот просечен коефициент за станбениот фонд на сојузните органи. Просечниот коефициент се утврдува од односот на остварената станарина на вкупниот станбен фонд пред влегувањето во сила на примената на оваа одлука и збирот на сите производи што се добиваат со множење на корисната површина од станот со бројот на бодовите за тој стан".

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„ Збирот на бодовите што му одговарат на станот од член 2 на оваа одлука, се утврдува врз основа на Бодовниот лист и на Упатството за бодување на становите кои, како прилог 1, односно прилог 2, се отпечатени кон оваа одлука и сочинуваат нејзин составен дел.

Бодување на становите од став 1 на овој член ќе изврши посебна комисија, што ја сочинуваат два претставника на Заедницата за домување и еден претставник од страна на органот на управување со зградата, односно претставник на зградата во која нема орган на управување.

Носителот на станарското право кој не е задоволен со бодувањето што го извршила комисијата од став 2 на овој член може да вложи приговор до Комисијата за одлучување на станбениот фонд на сојузните органи во рок од 15 дена од денот на извршеното бодување."

Член 3

Член 8 се брише.

Член 4

Оваа одлука се применува од 1 јули 1980 година

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02 бр. 598/1
15 март 1979 година
Белград

Претседател на Собранието на Заедницата на домување,
Лео Матес, с. р.

Прилог 1

БОДОВЕН ЛИСТ

Шифра на станот — Носител на станарското право — Лист број: ———

Површина на станот — Улица, куќен број и број на влезот — Кат ———

Пошта: ——— Место ——— Општина ———

Позиција	Опис на позицијата	Мера	Број на бодовите
1	2	3	4
	1. КОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДАТА		
001	Згради од керпич, бараки со височина на просторијата до 2,60 m (светла височина)	секој стан	50
002	Зграда од керпич, бараки со височина на просторијата над 2,60 m (светла височина)	секој стан	60

1	2	3	4
003	Бондрук со дрвена таванска конструкција со височина на просторијата до 2,60 m (светла височина)	секој стан	100
004	Исто како 003 — височина на просторијата од 2,61 до 3,00 m (светла височина)	секој стан	120
005	Исто како 003 — височина на просторијата над 3,00 m (светла височина)	секој стан	110
006	Згради од мешан материјал со височина на просторијата до 2,60 m (светла височина)	секој стан	190
007	Исто како 006 — височина на просторијата од 2,61 до 3,00 m (светла височина)	секој стан	205
008	Исто како 006 — височина на просторијата над 3,00 m	секој стан	200
009	Згради од тврд материјал, височина на просторијата до 2,60 m	секој стан	300
010	Згради од тврд материјал, височина на просторијата од 2,61 до 3,00 m	секој стан	320
011	Згради од тврд материјал, височина на просторијата над 3,00 m	секој стан	310

2. СКАЛИ

050	Дрвени скали во зграда	секој стан	15
051	Метални скали	секој стан	20
052	Скали од армиран бетон и скали од камен	секој стан	22
053	Внатрешни скали во станот		23
054	Хол во станот поквалитетно обработен		10
055	Посебно обработени само скалите		20

3. ВРАТА

100	Дрвена, од двете страни шперувана или столарски ковена		30
101	Дрвена, од двете страни шперувана и фурнирана или бојосана — лакирана		40
102	Хармоника-врата еднократна	парче	12
103	Хармоника-врата, двократна	парче	15
104	Додаток на тапацирана врата	парче	15

4. ПРОЗОРЦИ

130	Од меко дрво и пластика, еднократни	30
131	Метални еднократни	50
132	Од тврдо дрво или пластика, двократни	60
133	Од тврдо дрво, двократни	70
134	Метални двократни	80

5. РОЛЕТНИ

160	Платнени (флос) ролетни	4
161	Еслингер (дрвени, пластични)	20
162	Жалузини, капаци и грилј, дрвени	10
163	Жалузини, капаци и грилје, метални	15
164	Венецијанер ролетни	15

1	2	3	4
	6. ОБРАБОТКА НА ЅИДОВИТЕ И ТАВАНОТ		
200	Ѕидови бојосани со варна боја или креда		5
201	Ѕидови глетувани или обложени со книн-гипс плочи		7
202	Ѕидови обложени со хартиени тапети, што не се мијат		15
203	Ѕидови обложени со пластични или пластифицирани тапети, што се мијат		30
204	Ѕидови бојосани со маслена боја или пластифицирани		17
205	Ѕидови бојосани со дисперол боја		15
206	Керамика, фајанс, фугувана тула	m^2	1
207	Камен, мермер, мозаик и керамика во боја	m^2	2
208	Ламперии, фурнир, дрво, гипс, алуминиумски плочки	m^2	3
209	Терацо-плочки или монолитен терацо, благороден малтер или слично	m^2	1
210	Обработка на таванот со гипсана орнаментика	m^2	1
	7. ПОДОВИ		
250	Под од тули, бетон или цементен малтер		3
251	Обичен под од штици		6
252	Бродски под		8
253	Паркет од букови и дабови штичиња		20
254	Паркет ламелен дабов, јасенов или буков		14
255	Додаток на лакирањето на паркетот		3
256	Терацо-плочки или монолитен терацо		8
257	Под од обработен камен и мозаик плочки		30
258	Керамички плочки или венецијански мозаик		10
259	Подолит, топол PVC, јута-филц, виназ, вимплекс		10
260	Гумен под (ксилолит и технолит со заварени состави)		12
261	Под од вештачки или природни влакна		18
	8. САНИТАРНА ОПРЕМА		
300	Када лежечка од декапиран лим	парче	7
301	Када лежечка од леано железо	парче	9
302	Седечка када (полукада) од декапиран лим	парче	6
303	Седечка када (полукада) од леано железо	парче	7
304	Емајлирана туш-када од декапиран лим	парче	4
305	Еемајлирана туш-када од леано железо	парче	6
306	Електричен бојлер со капацитет до 10 литри	парче	4
307	Електричен бојлер со капацитет над 10 до 30 литри	парче	5
308	Електричен бојлер со капацитет над 30 до 50 литри	парче	6
309	Електричен бојлер со капацитет над 50 до 80 литри	парче	7

1	2	3	4
310	Електричен бојлер со капацитет над 80 литри	парче	9
311	Бојлер на гас со капацитет до 5 литри	парче	5
312	Бојлер на гас со капацитет над 5 литри	парче	9
313	Печка на цврсто или течно гориво за греење на вода	парче	5
314	Комбинирана печка со електрично греење на вода	парче	7
315	Мијалник од санитарен порцелан или керамика	парче	5
316	Емајлиран мијалник од леано железо	парче	2
317	Комплетно биде	парче	10
318	Само приклучок за биде	парче	3
319	WC шолја	парче	5
320	WC резервоар или автоматски исплакнувач	парче	4
321	Батерија за топла или ладна вода	парче	2
322	Славина за топла или ладна вода	парче	1
323	Термостат на батерија за мешање на вода	парче	6
324	Приклучник за машина за перење	парче	1
325	Полица со огледало	парче	2
326	Орманче за тоалетен прибор	парче	6
327	Приклучник за апарат за бричење или за греалка	парче	1
328	Греалка електрична	парче	2

9. КУЈНСКА ОПРЕМА

400	Мијалник емајлиран едноделен со должина до 60 cm	парче	2
401	Мијалник од терацо, на конзоли или подѕидан	парче	3
402	Мијалник од леано железо емајлиран	парче	3
403	Мијалник од поцинкуван лим	парче	1
404	Мијалник емајлиран едноделен со должина до 100 cm или дводелен	парче	4
405	Мијалник од не'рѓосувачки лим со должина до 60 cm	парче	4
406	Мијалник од не'рѓосувачки лим со должина од 60 до 100 cm	парче	6
407	Мијалник од камен-корито	парче	6
408	Мијалник емајлиран со должина до 60 cm, кабинет	парче	8
409	Мијалник од не'рѓосувачки лим со должина над 100 cm	парче	8
410	Мијалник емајлиран со должина до 100 cm, кабинет	парче	11
411	Мијалник кабинет од не'рѓосувачки лим	парче	13
412	Железен шпорет со должина до 60 cm	парче	3
413	Железен шпорет со должина над 60 cm	парче	4
414	Ѕидан шпорет на тврдо гориво	парче	6
415	Електричен шпорет	парче	10
416	Шпорет на гас со должина до 60 cm	парче	11
417	Електричен-гасен шпорет со должина до 60 cm	парче	12
418	Комбиниран шпорет на тврдо гориво и на електрична струја	парче	12

1	2	3	4
419	Електричен-гасен шпорет со должина над 60 cm	парче	14
420	Вграден термостат во рерна	парче	1
421	Вграден сигурносен штекер	парче	1
422	Вграден ражен со електромотор	парче	2
423	Вграден програмски сат	парче	3
424	Вграден инфра-греач во рерна	парче	2
425	Термостат регулација на електрична плоча	парче	1
426	Фрижидер со капацитет од 80 до 100 литри	парче	10
427	Фрижидер со капацитет над 100 до 200 литри	парче	12
428	Фрижидер со капацитет над 200 литри	парче	14
429	Апарат за длабоко замрзнување	парче	16

10. КУЈНСКИ ОРМАНИ

500	Меко дрво, шпер, лесонит без грб, бојосан однадвор	m²	1
501	Меко дрво, шпер, лесонит со грб, бојосан обо страно	m²	2
502	Иверица или панел, лакиран однадвор	m²	3
503	Иверица или панел, лакиран обострано	m²	4
504	Иверица или панел, фурниран и лакиран обо страно	m²	5
505	Со врати од ултрапас, бојосан и лакиран	m²	6
506	Потполно обложен со фурнир или ултрапас	m²	8
507	Полица во шпајз, дрвена	парче	1
508	Парособирач — напа со вентилатор	парче	8
509	Парособирач, само напа	парче	2
510	Електричен вентилатор без напа	парче	5

11. ПЛАКАРИ

550	Меко дрво, шпер, лесонит без грб, бојосан од надвор	m²	1
551	Меко дрво, шпер, лесонит со грб, бојосан од надвор	m²	2
552	Меко дрво, шпер, лесонит со грб, бојосан обо страно	m²	3
553	Иверица, панел, бојосан и лакиран однадвор,	m²	4
554	Иверица, панел, бојосан и лакиран обострано	m²	5
555	Иверица, панел, фурниран и лакиран	m²	6
556	Иверица, панел, врата, ултрапас, бојосан и лакиран	m²	7
557	Потполно обложен со фурнир, ултрапас и слично	m²	9
558	Од полно дрво	m²	12

12. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

600	Водоводна инсталација		7
601	Водомер за ладна вода само за еден стан	парче	4

1	2	3	4
602	Водомер за топла вода само за еден стан	парче	6
603	Канализација		9

13. ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА

650	Електрична инсталација за делумно осветление		10
651	Електрична инсталација за потполно осветле ние		15
652	Електрична инсталација монофазна за потпол но осветление и термички уреди		20
653	Електрична инсталација трифазна за потпол но осветление и термички уреди		30
654	Еднотарифно броило	парче	2
655	Двотарифно броило	парче	9
656	Телефонска инсталација		2
567	ТВ инсталација		2
658	Домофонска инсталација без електрична брава, на влезот на зградата		3
659	Домофонска инсталација со електрична брава, на влезот на зградата		5
660	Порикувачко звонче пред влезната врата на зградата		2

14. ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ

700	Инсталација на централно греење		70
701	Етажно греење — котел на цврсто гориво		65
702	Етажно греење — котел на течно или гасовито гориво		94
703	Инсталација на топла вода од централен бојлер		9

15. УРЕДИ ЗА ГРЕЕЊЕ

730	Железна или леана печка	парче	4
731	Гасна печка	парче	9
732	Гасни радијатори	парче	3
733	Печка на гасно масло (мазиво) нафта-печка	парче	10
734	Калева печка од мазни калеви	парче	10
735	Калева печка од релјефни калеви	парче	13
736	Акумулациони железни печки на јаглен	парче	13
737	Термоакумулациона печка со капацитет од 4,5 KW	парче	23
738	Термоакумулациона печка со капацитет над 4,5 KW	парче	26
739	Радијатори, конвектори, домотерми		25
740	Електрични радијатори	парче	8

16. ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА

760	Само во кујна или само во санитарни просто рии		14
761	Инсталација на гас во станот		24
762	Гасомер	парче	4

1	2	3	4
	17. ПОСТРОЈКИ ЗА ЛИФТ		
800	Обичен лифт за лица во влезот на зградата		40
801	Собирен лифт на лица во влезот на зградата		55
802	Товарен лифт со носивост до 500 kg		24
803	Товарен лифт со носивост над 500 kg		35
	18. ЕЛЕМЕНТИ И ПРОСТОРИИ НАДВОР ОД СТАНОТ		
850	Нужник на скалите за повеќе корисници		2
851	Бања за заедничко користење		4
852	Чешма во дворот		4
853	Пумпа во дворот		3
854	Бунар во дворот		2
855	Перална за алишта со када за перење		2
856	Сушилница за алишта во зградата		1
857	Механизирана перална во зградата		6
858	Механизирана сушилница		4
859	Простории за куќниот совет во зградата или надвор од зградата		2
860	Простории за деца во зградата или надвор од зградата		2
861	Остава за велосипеди и колички во зградата или надвор од зградата		1
862	Канал за фрлање на ѓубре		1
863	Простории за ѓубре		1
864	Хидранти или противпожарни апарати		1
865	Противпожарни скали		1
866	Агрегати за нужно светло		5
867	Акумулаторски батерии за нужно светло		2
686	Алармни уреди: јавувачи на пожар сирени и слично		1
869	Туш на тераса		1
870	Шупа или остава во зградата	m^2	1
871	Шупа, шпајз и дрварница надвор од зградата од слаб материјал	m^2	2
872	Шупа и шпајз надвор од зградата, од тврд материјал	m^2	5
	19. ЕЛЕМЕНТИ ОД УПОТРЕБНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ		
	1) Позитивни бодови		
900	Станот има два влеза	+	12
901	Две или повеќе бањи во станот	+	3
902	Вентилација во бања или WC директно	+	2
903	Климатизација во станот	+	40
904	Камин во станот	+	15

1	2	3	4
905	Опременост на лоѓата и балконот со корито за цвеќе	+	2
906	Зградите: еднокатни и двокатни-во низа секој стан	+	70
907	Лоѓи	m^2	+ 4
908	Покриени тераси	m^2	+ 2
909	Откриени тераси и балкони	m^2	+ 1

2) Негативни бодови

950	Во станот се влегува непосредно однадвор		— 25
951	Станот има минувачка соба или кујна		— 20
952	Лоша осонченост на станот		— 10
953	Станот е во визба, сутерен или мансарда		— 130
954	Станот е во приземје, на последниот кат или во мансарда		— 100
955	Станот делумно е во мансарда или на високо приземје		— 40
956	Станот е над пасаж		— 30
957	Скалите се без природно осветление		— 10
958	Навлегување на столб или на ѕид низ собата		— 10
959	Висока катност — од петтиот кат нагоре		— 11
960	Станот е со соба со неправилен облик		— 10
961	WC без вентилација		— 10
962	Згради изградени до 1920 година	секој стан	— 60
963	Згради изградени од 1921 до 1945 година	секој стан	— 40
964	Згради изградени од 1946 до 1960 година	секој стан	— 20

Вкупно бодови:

Датум Комисија Потпис на станарот За куќниот совет Контрола

Прилог 2

УПАТСТВО ЗА БОДУВАЊЕ НА СТАНОВИ

ПОЗИЦИЈА:

1. КОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДАТА

Како височина на просторијата (светла површина) се зема височината на собата.

001 до 002 Згради од ќерпич, непечена тула или набиена глина, бараки и сл.

003 до 005 Згради од дрвен бондрук — дрвени меѓукатни конструкции, со ѕидови исполнети со непечена тула или глина.

006 до 008 Згради од мешан материјал и конструкции: дрвени конструкции со ѕидови од тула, бетон или сл. ги опфаќаат и сите системи на монтажни згради од разни паноа.

009 до 011 Сите други згради од тврд материјал.

2. СКАЛИ

Се земаат предвид само скалите кај згради со над три ката.

050 Дрвени скали во зградата

051 Ги опфаќа сите видови заеднички скали со метални носечки конструкции.

052 Ги опфаќа сите видови заеднички скали изградени од армиран бетон, камен и сл.

053 Скали во станот што служат за вертикално поврзување на просториите на станот без оглед на материјалот, конструкцијата и начинот на обработката. Доколку поврзуваат само станбени простории со помошни, како што се дрварници, шпајзови, тераси, гаражи и сл. не се бодуваат.

054 до 055 Се бодува без оглед на големината на површината обработена со поквалитетен материјал како: природен камен, керамички плочки, ламперии и сл. Сите поквалитетни облоги посебно работени, се бодуваат според оваа позиција. Ако има повеќе скали во семејна зграда се бодуваат оние што се обработени поквалитетно.

3. ВРАТИ

Се бодуваат по стан, без оглед на големината и бројот на вратите во станот. Фиксните натсветла над вратите не се бодуваат.

100 Обична дрвена врата необработена, само бојосана.

101 Ги опфаќа сите други дрвени врати, освен од позициите 100, 102 и 103.

102 до 103 Хармоника-врата еднократна или двократна без оглед на големината, материјалот и начинот на вградувањето.

104 Додаток на тапацирана врата се бодува за секоја тапацирана врата, без оглед како се тапацирани дали од едната или од обете страни.

4. ПРОЗОРЦИ

130 до 134 Се бодуваат по стан без оглед на големината и бројот на прозорците во станот.
Под тврдо дрво се подразбира: дабовина, боровина, јасен, махагони и друго благородно дрво.

5. РОЛЕТНИ

Се бодуваат без оглед на големината и бројот на парчињата.

160 до 161 Доколку во еден стан постојат и платнени ролетни и еслингер или венецијански, се зема бројот на бодовите како за еслингер-ролетни.

162 до 163 Според оваа позиција ќе се бодуваат сите видови дрвени односно метални заштити на прозорците, како што се жалузини, капаци, грилје и слично.

164 Доколку во станот постојат само венецијанер ролетни, се бодуваат според оваа позиција.

6. ОБРАБОТКА НА ЅИДОВИ И ТАВАНИ

200 до 205 Прво се определува бројот на бодовите според обработката од позицијата 200 до 205 што, преовладува и се внесува само едната вредност за сите тие позиции. За бодување според овие позиции се земаат предвид само соби, кујни и ходници, а се внесуваат предвидените бодови за стан, без оглед на фактичната површина.

206 до 209 Се зема секогаш според фактичните површини што се мерат на самото место и во сите простории на станот. Ако се обложени и одделни делови на опрема и таа површина се зема предвид.

210 Предвиденият број на бодови се зема според бројот на собите со гипсена орнаментика на таванот.

7. ПОДОВИ

250 до 261 За бодување се зема видот на подот во собите. Доколку има повеќе видови подови во собите, бројот на бодовите се определува според подот што го има повеќе. Значи бројот на бодовите се определува само според еден, најмногу застапен вид на под во собите без какви и да е мерења.

8. САНИТАРНА ОПРЕМА

Се бодува по парче.

300 до 305 Се подразбира видот на кадите со разни должини и големини, со сите приклучоци и начини на вградување. Поплочувањето на кадите посебно се засметува во позициите 206 до 209.

306 до 310 Се однесува на сите видови електрични бојлери како проточни така и под притисок, без оглед на местото и начинот на вградувањето.

311 до 312 Се однесува на гасни бојлери од сите видови, без оглед дали се приклучени на оџак.

313 до 314 Се сметаат на парче, без оглед на големината на печката.

314 до 316 Го опфаќа комплетниот мијалник со сите приклучоци. Според позицијата 315 се бодуваат сите мијалници, освен од леано железо.

317 до 318 Според оваа позиција се бодува секое биде, без оглед на видот на материјалот. Доколку постои само приклучок за биде се бодува според позицијата 318.

319 Според оваа позиција се бодуваат сите видови WC шолји и чучавци без оглед на материјалот, ако се вградени во станот.

320 Ги опфаќа сите видови водокотлиња за ВЦ и автоматски исплакнувачи за ВЦ шолји и чучавци вградени во станот.

321 Ги опфаќа батериите за мешање на топла и ладна вода од сите видови материјал на кадата, мијалникот и слично, како и батериите со рачен или стоечки туш.

322 до 328 Се сметаат спред бројот на парчињата независно од видот на материјалот од кој се изградени.

9. КУЈНСКА ОПРЕМА

Се бодува на парче според наведениот вид на опремата и големината.

400 до 411 Мијалници од наведените видови и големини се бодуваат на парче. Површините за ставање на садови, доколку се составен дел на мијалниците влегуваат во нивната должина.

412 до 419 Шпорети од сите видови што се инвентар на зградата и станот, се бодуваат на парче. Додатни орманчиња кон шпорет се бодуваат како соодветни кујнски, орманчиња.

420 до 425 Додатната опрема на шпорет се бодува по парче на шпорет.

425 до 429 Според оваа позиција се бодуваат сите фрижидери без оглед на видот, а според дадените капацитети. Апаратите за длабоко замрзнување се бодуваат без оглед на нивниот волумен.

10. КУЈНСКИ ОРМАНИ

500 до 506 Стоечки или висечки кујнски елементи или ормани што заменуваат шпајзови се бодуваат по m^2 вертикални проекции. Според овие позиции се пресметуваат и кабинет — ормани со вграден мијалник. За длабочини помали од 30 cm се зема половина од површината.

507 Дрведи полици во шпајз без оглед на големината и начинот на обработката се бодуваат на парче.

508 до 510 Собирач на пареа — напа се бодува на парче, без оглед на видот на производството и капацитетот на вентилаторот.

11. ПЛАКАРИ

Се бодуваат на m^2 вертикална проекција ако длабочината им е 30 cm или повеќа. За длабочини помали од 30 cm се зема 50% помала површина за бодување. Според овие позиции се бодуваат и ормани — прегради, маски за грејни тела и сл. Доколку плакарите имаат скелет без оглед на обработката на вратата се бодуваат според позицијата 550.

550 до 552 Ормани, изградени од меко дрво, шпер-плочи или лесонит. Облогата над плакарот не влегува во површината на плакарот.

553 до 554 Ормани-плакари од иверица или панел-плоча.

555 Ормани-плакари од иверица или панел-плоча, фурнирани и лакирани однадвор и одвнатре.

556 Ормани-плакари од иверица или панел-плоча, врата обложена со ултрапас, меламин и сл., другото бојосано и лакирано и однадвор и однатре.

557 Ормани-плакари од иверица или панел-плоча, обложени со фурнир, ултрапас, меламин и сл. однадвор и однатре.

558 Се бодуваат плакари изградени од полно дрво — дабови, букови, јасенови и сл.

12. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

600 Ја опфаќа водоводната инсталација во станот без оглед на бројот на местото за точење.

601 до 602 Водомер кој мери потрошок на ладна или топла вода само за еден стан. Се запишува бројот на парчињата на водомерите.

603 Ја опфаќа инсталацијата на канализацијата во станот без оглед на бројот на приклучоците и начинот на одвод на отпадните води.

13. ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА

650 Се однесува на електричната инсталација која има само осветление на станот и најмногу еден штекер во станот. Според оваа позиција се бодуваат и инсталациите видно водени по ѕидовите.

651 Се однесува на потполно осветление и повеќе од еден штекер.

652 до 653 Се однесува на потполно осветление и на приклучувањето на поголем број термички уреди.

654 до 655 Се бодуваат само бројлата на парче што служат исклучиво за мерење на потрошувачката во станот, без оглед каде се сместени.

656 Телефонската инсталација се бодува ако е вградена комплетна инсталација со проводници. Се бодува без оглед дали е приклучена на надворешна мрежа.
Телефонската инсталација не се бодува ако се вградени само цевки, а во нив не се воведени проводници.

657 ТВ инсталацијата се бодува долоклу е вградена инсталација преку заедничка антена, без оглед на бројот на приклучните кутии и на програмите и дали станарот ги користи.
Не се бодува во случаите кога се вградени цевки без соодветни кабли и жица.

658 Според оваа позиција се бодуваат сите видови домофонски инсталации кои овозможуваат само говор со странката пред влезот во зградата.

659 Според оваа позиција се бодуваат сите видови домофонски инсталации кои покрај говор овозможуваат и автоматско отворање на влезната врата во зградата.

660 Ги опфаќа повикувачките ѕвончиња на влезот во зградата.
Ако е поставено само ѕвонче на влезот во станот — не се бодува.

14. ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ

700 Ги опфаќа сите видови централно греење, парно или топлотно без оглед на топлотниот извор и видот на грејните тела. Грејните тела посебно се бодуваат.

701 Го опфаќа етажното греење во станот на повеќе станбени згради или семејни згради со котел на цврсто гориво.

702 Етажно греење во станот на повеќе станбени згради или семејни згради со котел на течно и гасовито гориво, со или без автоматика.

703 Ги опфаќа инсталациите за подготовка на топла вода преку централни бојлери без оглед каде се поставени (во топлана, блоковска, индивидуална котларница со котел за етажно греење).
Доколку кон котелот постои посебен бојлер за подготовка на топлата вода тој не се бодува посебно.

15. УРЕДИ ЗА ГРЕЕЊЕ

Се бодуваат на парче, со исклучок на позицијата 739.

730 до 738 Грејните тела на градски гас ги опфаќаат сите видови гасни печки и гасни радијатори со различни капацитети. Калевите печки се бодуваат и во случај кога станарот неовластено ги отстранил.
Гасни печки можат да бидат со приклучок на оџачки канал или со испуштање на согорливи гасови низ прозорскиот парапет.

739 Радијатори од сите видови (освен електрични), конвектори, домотерми и сл. без оглед на материјалот и системот на греењето се бодуваат според оваа позиција, без оглед на бројот и големината на грејните тела.

740 Електричните радијатори се бодуваат по парче на радијатор.

16. ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА

Не се бодува доколку со одлука на надлежните органи е забранета нејзината употреба, не е приклучена на градската мрежа или е неупотреблива поради дотраеност, што ќе утврди комисијата за бодување.

760 до 761 Ако е изведена инсталација на гас само во кујната или само во санитарните простории се бодува според позицијата 760.
Ако е изведена инсталација на гас и во кујната и во санитарните простории се бодува според позицијата 761 како да е изведена во целиот стан.

762 Се бодува гасомерот на парче која ја мери потрошувачката на гас само за определен стан.

17. ПОСТРОЈКИ ЗА ЛИФТ

Не се бодуваат во становите што се во приземјето и сутеренот доколку нема заеднички простории на приземјето. Димензијата и бројот на лифтовите не влијае врз бодувањето.

800 Според оваа позиција се бодуваат лифтовите за лица во влезот на зградата без слободни команди.

801 Според оваа позиција се бодуваат лифтовите ако еден или повеќе од нив на влезот имаат собирна команда.

802 до 805 Според оваа позиција се бодуваат товарните лифтови поставени во влезот на зградата.

18. ЕЛЕМЕНТИ И ПРОСТОРИИ НАДВОР ОД СТАНОТ

851 до 851 Нужник или бања поставени во зградата за потребите на повеќе станови и приклучени на септичка јама или канализација.

852 до 858 Се бодуваат без оглед на бројот на корисниците. Доколку пералниците не се користат наменски, според записникот на собирот на станарите, нема да се бодуваат.

856 Го опфаќа покриениот простор во двор от, визбата, терасата или мансардата кое може да се заклучи и да служи за сушење на алишта.
Според оваа позиција се бодува и механизирана сушилница доколку нејзините инсталации се неупотребливи.

859 до 861 Се бодуваат без оглед дали се во зградата во која се наоѓа станот или во друга зграда.
862 Каналот за исфрлање на ѓубре се бодува без оглед дали отворот за фрлање е на скалите или во дел од станот.

863 Просторијата за ѓубре се бодува само ако е во состав на зградата.

864 до 868 Според оваа позиција се бодуваат наведените уреди за заштита на зградата.

869 Се подразбира вграден туш на терасата на зградата што заеднички го употребуваат станарите. Позициите 870 до 872 се пресметува по m².

870 Ги опфаќа просториите што служат како шупа, дрварници и слично а се наоѓаат надвор од станот или во истата зграда.

871 Просториите се изградени од слаб материјал а се наоѓаат во дворот надвор од зградата.

872 Ги опфаќа помошните простории што служат како шупи а се изградени од тврд материјал — тули, монтажни елементи, камен, бетон, а се наоѓаат во дворот.

19. ЕЛЕМЕНТИ ОД УПОТРЕБНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ

1) Позитивни бодови

900 до 905 Според овие позиции се бодуваат становите што ги содржат набројените елементи, па им се зголемува погодноста на користењето на станот.

902 Под директно вентилирање се смета само вентилирање низ прозорец непосредно во атмосферата.

906 Ги опфаќа сите семејни згради, потоа сите згради со најмногу два ката, атриски згради, куќи во низа и слично.

907 до 909 Според овие позиции се бодуваат наведените делови на станот: лоѓи, покриени и откриени тераси. Се мерат фактичните површини на лоѓите, на покриените и откриените тераси што му припаѓаат на станот.

2) Негативни бодови

950 Станот не е функционален ако во него се влегува непосредно од улица или двор, односно тераса, без ветробран или предсобје.

951 Станот е нефункционален ако има минувачка соба, или ако само низ кујната може да се влезе во соба. Доколку постои и друг начин на премин освен преку лоѓа, балкон и тераса нема да се пресметуваат негативни бодови.

952 Како лошо осончен стан се смета стан во визба или сутерен, како и стан на другите катови ако поголем број од собите е ориентиран исклучиво кон северната страна.

953—954 Според овие позиции се намалуваат бодовите само на становите во повеќекатни згради. Негативни бодови за последниот кат — мансардата се сметаат само кој зградите со рамен покрив. Според позицијата 954 ќе се бодува приземјето кај кое горниот раб на парапетот е најмногу 1,80 m над тротоарот — теренот.

955 Станот во еден дел е во мансарда ако е само делумно под рамната покривна плоча.

956 Ќе се смета дека станот е над пасажот ако се наоѓа под плочата на која и нема видни исполнувања, или непосредно под неа се врши пешачки или друг сообраќај, без оглед на начинот на термоизолацијата на таа плоча. Положбата на станот ќе се определува според положбата на една соба во едноособен стан, едноиполсобен и двособен стан. За становите со повеќе од две соби, потребно е барем две соби да бидат над пасажот за да се пресметаат негативни бодови.

957 Како скали без природно осветление ќе се сметаат само оние скали кои добиваат природно осветление исклучиво преку влезот. Оваа позиција не се однесува на скалите внатре во станот.

958 Негативни бодови за навлегување на столб или одак низ собата се земаат предвид само ако тие елементи се оддалечени од ѕидот.

959 Негативни бодови се даваат за V-ти и секој повисок кат, со исклучок на мансардата, односно на последниот кат кои имаат негативни бодови според позицијата 953.

960 Стан со соба со неправилен облик се смета оној стан кој има триаголна соба, потоа со полукружен облик, петаголен и повеќеаголен облик. Издаденостите или вдлабнатини кај ѕидовите во собата не се земаат предвид за оцена на неправилноста на обликот на собата.

961 ВЦ без вентилација се смета кога нема прозорец и канал изграден за вентилација поради што проветрувањето се врши индиректно преку другите простории на станот.

962 до 964 Негативни бодови поради старост (амортизираност) на зградата се предвидуваат само за становите во зградите изградени закључно до 1960 година. Податоците за времето на изградбата на зградата се земаат од книговодствената евиденција.

20. ДРУГИ ИЗВЕСТУВАЊА КОН УПАТСТВОТО ЗА БОДУВАЊЕ

1) Доколку во зградата е изведена инсталација на централно греење, водовод и канализација, а истата не е поврзана за топлотен извор, односно градски водовод и канализација — не се бодува.

Во случаите каде што покрај поврзаноста со топлотниот извор, централното греење во станот воопшто не грее — не се бодува;

Гасните печки во зградите каде што не се приклучени на инсталацијата на гасот — не се бодуваат.

2) Според позициите 160, 161 и 164 доколку постојат сите три вида ролетни — се бодуваат оние што ги има повеќе;

3) Кујнската опрема за позицијата 408 и 410 се однесува на мијалниците — кабинети емајлирани и од не'рѓосувачки материјал со големина од 60 до 100 cm. Кабинет-опрема со вграден мијалник да се бодува според позицијата 408 и 410;

4) Водомерите за топла и ладна вода според позициите 601 и 602, се бодуваат во сите случаи кога служат само за еден стан односно за една семејна зграда;

5) Сушилниците се бодуваат како сушилници освен во случај кога собирот на станарите донел одлука да се користат за други цели. Ако собирот на станарите донел одлука сушилниците да се користат како општествена просторија, тогаш се бодуваат како просторија за куќен совет;

6) Лифтови товарни во котларниците што служат за префрлање на згура и сл. не се бодуваат;

Товарен лифт е само оној кој служи исклучиво за потребите на транспортот на мебел и друга опрема. Лифтовите за носилки се сметаат како лифтови за лица.

Товарните лифтови кои не се во употреба повеќе од две години, не се бодуваат;

7) Шпоретите не се бодуваат доколку векот на траењето им поминал, односно ако се неупотребливи;

8) Доколку во зградата постојат пегларници, да се бодуваат како сушилници, односно да се постапува според објаснението од точка 5;

9) Видабона да се бодува според позицијата 403 од даденото упатство;

10) Каналите за фрлање на ѓубре, доколку се надвор од употреба — не се бодуваат;

11) Сите измени што ги извршил станарот во својот стан на сопствена сметка, а придонесуваат за подобрување на условите за домување и не се во спротивност со техничките и урбанистичките прописи ниту штетат на другите станари — нема да се бодуваат. Ќе се бодува само првобитно изградената состојба на станот;

12) Измените кои ја намалуваат вредноста на станот, на пример: исфрлање на некој дел од опремата (калеви печки) и слично, за кои станарот нема одобрение од надлежните органи, ќе се бодуваат според првобитната состојба;

13) Според предлогот на методологијата елементите на станот и зградата се бодуваат на три начини:

а) со утврдување на самото место и по потреба во проектната документација, дека такви елементи постојат или постоеле.

Самата констатација дека тие постојат, без какви и да е мерења и броења, го носи предвиденият број бодови.

б) со броење на одделни елементи, и

в) со мерење на одделни елементи, обично на површината. Површината се запишува заокружено на цел m^2;

14. По извршеното бодување во електронскиот сметачки центар се врши натамошна обработка на податоците.

Се обрнува внимание на барањето на Сметачкиот центар, кој ќе ги обработува бодовните листи, контролорите да обрнат посебно внимание на означувањето на позициите кои се бодуваат да се изврши идентично на сите три примероци.

389.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, Извршниот совет на Собранието на СР Србија, Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска, Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на САП Војводина, Извршниот совет на Собранието на САП Косово, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија, Стопанската комора на Југославија и Службата на општественото книговодство на Југославија склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА ЦЕНИТЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Заради остварување на меѓусебна соработка при преземањето на мерки за обезбедување и реализација на договорената политика на цените во 1979 година, учесниците на овој општествен договор се согласија да формираат Совет за следење на остварувањето на политиката на цените за 1979 година (во натамошниот текст: Совет), како заедничко работно тело на учесниците на овој општествен договор.

Член 2

Учесниците на овој општествен договор се согласија Советот да ги разгледува прашањата што се од значење за остварувањето на договорената политика на цените во 1979 година и за тие прашања да му дава свои мислења и предлози на Сојузниот извршен совет, односно на извршните совети на собранијата на републиките и на извршните совети на собранијата на автономните покраини.

Член 3

Советот го сочинуваат по еден претставник од Сојузниот извршен совет, од извршните совети на собранијата на републиките и од извршните совети на собранијата на автономните покраини, од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, од Сојузот на синдикатите на Југославија, од Стопанската комора на Југославија и од Службата на општественото книговодство на Југославија.

Во работата на Советот, по правило, учествуваат функционерите што раководат со сојузните органи на управата и сојузните организации кога Советот разгледува прашања од делокругот на органите, односно на организациите со кои раководат тие.

Во работата на Советот, по покана, учествуваат и истакнати научни и јавни работници.

Советот може на своите седници да повикува и претставници од организациите на здружен труд кога разгледува прашања во врска со цените на нивните производи, како и функционери кои раководат со органите на управата надлежни за цени во републиките и автономните покраини — кога ги разгледува прашањата на цените од нивниот делокруг.

Член 4

Советот избира претседател од редот на своите членови.

Член 5

Учесниците на овој општествен договор се согласни на Советот да му обезбедуваат податоци и други материјали потребни за остварувањето на неговите задачи во спроведувањето на договорената политика на цените во 1979 година.

Член 6

Советот донесува деловник за својата работа и програма за работа.

Член 7

Административните и техничките работи за потребите на Советот ги врши Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи.

Член 8

Овој општествен договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Член 9

Овој општествен договор ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ", во службените гласила на републиките и во службените гласила на автономните покраини.

9 април 1979 година
Белград

За Сојузниот извршен совет
потпретседател на Сојузниот
извршен совет,
Драгољуб Ставрев, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на СР Босна и Херцеговина
републички секретар за пазар
и цени,
Шемсудин Лејлиќ, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на СР Македонија
републички секретар за пазар
и општи стопански работи,
Дургут Едиповски, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на СР Словенија
претседател на Републичкиот
комитет за пазар и цени,
Штефан Корошец, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на СР Србија
републички секретар за пазар
и цени,
Миливое Стојковиќ, с. р.

За Извршниот совет на Саборот
на СР Хрватска
републички секретар за пазар
и цени,
Хрвое Сноко, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на СР Црна Гора
член на Извршниот совет,
Веселин Р. Ѓурановиќ, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на САП Војводина
покраински секретар за следење
на стопанските движења на
пазарот и цените,
Синиша Корица, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на САП Косово
член на Извршниот совет,
Вехбија Хајрудини, с. р.

За Социјалистичкиот сојуз
на работниот народ на Југославија
претседател на Секцијата на
СК на ССРНЈ за општи прашања
на животниот стандард
во општеството,
Ѓуро Векиќ, с. р.

За Сојузот на синдикатите
на Југославија
секретар на Сојузот на ССЈ,
Јанош Шредер, с. р.

За Стопанската комора
на Југославија
потпретседател,
Милорад Бировлев, с. р.

За Службата на општествеиото
книговодство на Југославија,
заменик-генерален директор
на СОК на Југославија,
Милое Николиќ, с. р.

320.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВОНБРОДСКИ МОТОРИ, ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ МОТОРНИ ПУМПИ, ЗА СТАБИЛНИ МОТОРИ И ЗА ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ОПФАТЕНИ СО СПОГОДБАТА

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучија и потпишаа

на 17 ноември 1978 година Спогодба за промена на затечените цени за вонбродски мотори, за определени видови моторни пумпи, за стабилни мотори и за други производи опфатени со Спогодбата, со тоа што производителските организации на здружен труд да можат своите постојни продажни цени за наведените производи, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат во просек до 8%, а според ценовникот што е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 6030 од 10 мај 1979 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Томос" — Копер.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 11 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Србија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Гвозденовиќ Живојина Коста, Пантиќ Владимира Миодраг, Поповиќ Живојина Андрија, Радовиќ Ристе Чедомир;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Арсенијевиќ Живојина Драгомир, Благојевиќ Милинка Антоније, Божиновиќ Ванђела Зоран Димиќ Милана др Драгољуб, Ђоковиќ Лазара Милан, Ђорђевиќ Петра Добривоје, Ђукиќ Петра Недељко, Галовиќ Ђорђа Предраг, Јаковљевиќ Љубомира Милан, Јелиќ Николе Слободан, Јовановиќ Митра Драгољуб, Јовиќ Илије Драган, Лишченко Петра Евгеније, Лукиќ Милутина Богољуб, Мерцан Милиќа Драгољуб, Мициќ Чедомира Радољуб, Мијушковиќ Богомира Миленко, Миливојевиќ Владимира Миливоје, Миливојевиќ Драгутина Живорад, Мудриќ Илије Александар, Обрадовиќ Радивоја Мирослав, Павловиќ Драгиќа Драгомир, Петровиќ Алексе Животије, Поповиќ Димитрија Петар, Прокиќ Вукосава Живодраг, Радојевиќ Војина Вучета, Радотиќ Милоша Стеван, Ракетиќ Војина Милорад Ревчанин Милије Петар, Симиќ Милана Миленко, Стевовски Мартина Славе, Шкрбиќ Милоша Милорад, Томашевиќ Страхиње Стеван, Зариќ Радована др Михаило;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Милиќевиќ Драгољуба Станиша, Витановиќ Петра Драгослав;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Ѓирковиќ Светозара Милош, Давидовиќ Симе Илија, Ѓукановиќ Властимира Сретен, Јаниќијевиќ Миодрага Адам, Јанковиќ Светозара Богољуб Кукиќ Смајила Шерфо, Лазовиќ Данила Адам, Марковиќ Исаила Драгиша, Микиќ Милана Радашин, Рогиќ Бранка Милорад, Солдатовиќ Душана Бранимир, Сретеновиќ Воислава Каменко, Стаменковиќ Миладина Гаврило, Шалипур Раде Бранко, Угриновиќ Ѓорѓа Надежда, Златаниќ Јусуфа Бехудин, Живковиќ Цветка Сава;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андоновиќ Николе Радивоје, Андриќ Светислава Илија, Анѓелиќ Драгана Радивоје, Аритоновиќ Гаврила Богољуб, Аранаут Рада Шпиро, Авдагиќ Будимира Даринка, Бацетиќ Богосава Момчило, Бариќ Михе Невенка, Биочанин Петра Филип Благојевиќ Радивоја Мирослав, Благојевиќ-Савковиќ Милана Владанка, Богиќ Чедомира Братислав;

Бркиќ Милована Петар, Буквиќ Ѓорѓа Љубо, Цупара Мирка Бајо, Ѓуковиќ Бошка Живко Делач Антона Лазар, Демиќ Мустафе Сулејман, Димитријевиќ Димитрија Предраг, Димитријевиќ Љубомира Војимир, Димовиќ Светислава Сретен, Диван Драгољуба Милош, Добричиќ Милорада Предраг, Драгашевиќ-Шћекиќ Милана Јагода, Драгиќевиќ Драгомира Живота, Драгојевиќ Николе Здравко, Цановиќ Орхана Алија, Цидиќ Фехима Салко, Ѓебиќ Звонимира Антон, Ѓорѓевиќ Саве Борислав, Ѓорѓевиќ Живојина Боривоје, Ѓорѓевиќ Луке Душан, Ѓорѓевиќ Милисава Родољуб, Ѓорѓевиќ Ѓорђа Живота, Ѓурѓевиќ Живомира Милан, Ѓурѓевиќ Добривоја Милорад, Гајиќ Милисава Влдета, Гавриловиќ Захарија Јездимир, Гавриловиќ-Стојиљковиќ Радојка Славка, Глишиќ Драгољуба Станимир, Глишовиќ Аранѓела Драгослав, Гмитровиќ Јанка Станислав, Гојковиќ Стевана Михајло, Гојковиќ Младена Милош, Гороња Симе Срећко, Гвозденовиќ Станоја Радиша, Хамзиќ Рама Мухарем, Хасанагиќ Фехима Авдо, Хасановиќ Бећира Ахмет, Хрвачевиќ Глише Риста;

Илиќ Стојана Бранислав, Ивановиќ Владимира Будимир, Ивковиќ Мирослава Јован, Ивковиќ Атанасија Трифун, Јаковљевиќ-Пекиќ Миливоја Мила, Јаковљевиќ Момчила Предраг, Јанковиќ Стевана Драгољуб, Јанковиќ Животе Драгољуб, Јанковиќ Владислава Немања, Јанковиќ Марка Светислав, Јанковиќ Светозара Војин, Јелиќ Чедомира Драго-

слав, Јевтић Обрена Душан, Јевтић-Прокић Велимира Станојка, Јоксимовић Миливоја Глишо, Јовановић Лазара Божидар, Јовановић Бранка Стеван, Јовановић Милорада Веселин, Јовашевић Милорада Љубивоје, Јовић Драгољуба Милутин, Кадић Мустафе Хусо, Калинић Животе Стеван, Каришек Миливоја Андреја, Касамовић Авде Фехмија, Колаковић Стевана Мирослав, Комарица Обрада Радојица, Коњевић Илије Владимир, Крстић Добривоја Бранко, Крстић Живана Слободан, Кујовић Мирка Владимир, Лађарски-Николић Животе Вера, Лазовић Настаса Милан, Лојаница-Савковић Драгиња Славка, Лукић Љубисава Бранко, Лукић Раіка Сретен, Мачкич Нике Дојчин, Марић Шпире Здравко, Маринчевић Живојина Љубисав;

Марјановић Милутина Миленко, Марковић Милоја Милисав, Марковић Милана Миломир, Матковић Миодрага Родољуб, Медић Петра Драгомир, Мићаковић Милића Милан, Мићковић Добросава Станиша, Мићовић Радосава Милован, Мијаиловић Драгослава Борисав, Мијатовић Мате др Цвјетко, Милић Војина Драгољуб, Милић Радета Стеван, Миливојевић Светислава Душан, Милојевић-Раденковић Арсенија Јаворка, Милојевић Везира Радослав, Милорадовић Ратомира Милорад, Милосављевић Радослава Катарина, Милосављевић Раденка Љубомир, Милосављевић Драгослава Велимир, Милошевић-Николић Владислава Босиљка, Милошевић Јована Радмило, Милошевић Радивоја Славољуб, Миловановић Станка Оливера, Миловановић-Радовановић Павла Стаменка, Миљковић Светислава Андреја, Миљковић Видосава Душан, Митевски Трајана Ђорђе, Молнар-Бечановић Петра Милка, Недељковић Борисава Синиша, Николић Светислава Александар, Николић Драгутина Аранђел, Николић Петра Добривоје, Николић-Гајић Животе Љубица, Николић Драгише Миленко, Николић Љубомира Мирослав, Николић Драгољуба Радован, Николић Драгомира Тода, Николић Илије Тома, Николић Витомира Жарко, Николић Јеремија Живадинка;

Новаковић Добросава Богосав, Новаковић Војислава Милан, Оташевић Стевана Љубомир, Оташевић Остоје Србислав, Пауновић Тихомира Живорад, Павловић Драгољуба Драгиша, Пендић-Станојевић Милоја Миланка, Петровић Недељка мр. Оливера, Петровић Радомира Радмило, Петровић Миодрага Радован, Петровић Драгољуба Живомир, Пјевац Владе Милош, Полексић Митра Томо, Полић Војислава Сретен, Попадић Богдана Велимир, Пријовић Ника Јагош, Прокић Стојана Живан, Протулипац Михајла Бошко, Протулипац Радета Раде, Пузовић Миле Светомир, Радета Јевте Веселин, Радивојевић Душана Драгиша, Радивојевић Милосава Радивоје, Радивојевић Животе Славко, Радојевић Радисава Мирослав, Радосављевић-Цамић Владислава Радмила, Радовић Љубомира Видосав, Рајичић Радомира Мирослав, Рајић Танаска Михаило, Ранковић Милосава Радослав, Рихтеровић Јована Душан, Ристивојевић Драгомира Љубинко, Росић Мирка Андрија, Ружић Ратка Нићифор, Сабљић Стевана Војин, Салихбеговић Мехмедалије Шабанија Самаиловић Уроша Радомир, Савовић Милутина Михаило, Секулић Радивоја Градимир, Симић Светислава Илија;

Скуковац Недељка Стојан, Славковић Милорада Душан, Спахић Ћамила Суљо, Срећковић Владете Слободан, Срећковић Милисава Велимир, Стаменић Мирко, Стаменковић-Додић Љубисава Милица, Станојевић Милована Ђорђе, Стевановић Милорада Милан, Стојадиновић Милутина Драгољуб, Стојановић Стојице Петар, Стојановић Димитрија Божидар, Стојановић Јосифа Драгослав, Стојковић Јеремија Љубисав, Струјић Даута Нурија, Шалипур Павла Петар, Шћеповић Видоја Милоје, Шиклић Антона Крешимир, Шуман Салка Хусо, Шурлан Пере Ђуро, Тадић Светозара Душан, Тарановић Драгољуба Мирослав, Тодосијевић Јеротија Дикосава, Томић Тихомира Радомир, Томовић Тихомира Радивоје, Варјачић Милована Милорад, Варјачић Симеуна Раде,

Васиљевић Милорада Љубомир, Васовић Драгише Србољуб, Видовић Николе Јован, Вученовић-Киш Јована Нада, Вучинић Благоја Звонимир, Вукајловић Милентија Милорад, Вукићевић Миладина Миливоје, Вуковић Миливоја Павле, Вуковић Боривоја Војислав, Зекавица Милана Станимир Живковић Ивана Милан, Живковић-Банковић Милорада Надежда;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Андрић Чедомира Војислав, Бојић Јанка Гојко, Црноглавац Обрена Милосав, Цветковић Витомира Рајко, Чубровић Милоша Бранко, Димитријевић Војислава Бранко, Ђукић Андреје Јован, Јаслар-Јовић Радашина Војинка, Јеличић Божидара Радослав, Јовановић Живадина Добривоје, Јовановић Зарија Драгослав, Комарица Михајила Остоја, Марин Петра Драган, Марковић Миодрага Андреја, Матић Светолика Миодраг, Матовић Алексе Милош, Миликић Петра др Војислав, Миливојевић Милорада Радослав, Милошевић-Тодорчевић Миливоја Вера, Николић Филипа Будимир, Оцокољић Алексе Србољуб, Огњановић Ратка Зоран, Петровић Трифуна Гоислав, Планић-Луковић Светозара Владанка, Продановић Симе Јанко, Радисављевић Јеремије Живорад, Радивојевић Милана Миливоје, Радојевић Љубисава Добриша, Радовић Драгољуба Љубомир, Ранковић Живка Милутин, Ристић Милосава Драган, Симоновић Љубомира Драгослав, Симовић Сретена Милорад, Старчевић Будимира Вељко;

Шутић Милоша Добривоје, Тимотијевић Миодрага Милинко, Томовић Милоша Драгољуб, Топаловић Трифуна Драгиша, Трифуновић Радоње Драган, Вуковић Јанка Драгољуб;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Аксентијевић Вукмира Вучина, Алексић Милоја Милован, Алемпијевић-Зарић Радоја Милунка, Андрић Сава Млађен, Анић-Цветковић-Васиљевић Витомира Гроздана, Антић Јездимира Слободан, Арсенијевић Миленка Слободан, Аврамовић Петра Милован Банковић Драгољуба Божидар, Барлов Драгутина Станимирка, Белојевић Војина Василије, Бошњак Ћула Омер, Божовић Тадије Јосиф, Брадић Филипа Вук, Вујаковић Сретена Будимир, Цветиновић-Ђирковић Драгомира Радмила, Цвијовић Видомана Анђелко, Чукић Мираша Бранислав, Ђуповић Спасоја Драгиша, Давинић Стевана Крста, Димитријевић Бранка Миливоје, Димитријевић Радомира Миломир, Драгићевић-Козар Јакова Марија, Дробњак Миливоја Томислав, Гагричић Стјепана Игњатије, Гајић Алексе Владимир;

Гавриловић Јована Непад, Грковић Милутина Војко, Илић Радоша Радивоје, Илић Станимира Вељко, Ивановић Будимира Милан, Ивановић Миодрага Милета, Јаковетић-Николић Драгутина Милка, Јаковљевић Милана Борисав, Јаковљевић Милутина Мирослав, Јаношевић Будимира Милорад, Јеличић-Гвозденовић Миодрага Зорка, Јовановић Симе Хранислав, Јовановић-Дуњић Анђелка Мирјана Јовановић Добросава Светислав, Кнежевић Милисава Илија, Кочовић Животе Славко, Колџић Јована Раденко, Костић Драгутина Драган, Костић Момчила Живадин, Ковачевић Јове Златомир, Кулуглија Мемиша Мурат, Марковић Милашина Александар, Марковић Животе Миле, Марковић Милана Радоје,

Милосављевић Раденка Предраг, Милошевић-Димић Драгомира Бранка, Милошевић Јаблана Спасоје, Миљојковић Недељка Живомир, Мирковић Ђорђа Миодраг, Мишић-Алексић Миливоја Надежда, Мишић-Ђеровић Бранка Владанка, Недић Нешка Војислав. Николић Милуна Миленко, Новаковић Александра Властимир, Ошаповић Михајла Иван, Оташевић-Јоксимовић Лазара Јелица, Павићевић Бранислава Будимир, Петковић Станка Спасоје, Петровић-Ветровић Милана Јелка, Петровић-Петковић Мирослава Милица, Петровић Радомира Владета;

Пурић Миленка Лазар, Пушица Живка Раде, Рачић-Мићић Радоја Душанка, Раденковић Славка Василије, Ранић Витомира Живота. Ранковић Радојка Миодраг, Ристовић Радосава Милунка. Спасић Милосава Милорад, Спасојевић Андреје Добросав, Стефановић Секуле Ненад, Стевановић Миладина Ђурђе, Стевановић Милутина Милосав, Стојановић Радомира Живојин, Шекуларац Витомира Родољуб, Шпица Милуна Љубомир, Терзић Алексија Милија, Трипковић Раденка Бранислав, Туцаковић Радована Милун, Васиљевић Светозара Милан, Васиљевић-Бајак Сулејмана Рамиза, Вељић Чедомира Живојије, Видаковић Лазара Радомир, Вранић Љубисава Мирослав, Вукотић Косте Спасоје, Вуковић Шпире Никола, Вулетић-Миливојевић Драгомира Илинка, Златић Богољуба Живомир, Живановић Милоја Драгољуб.

Бр. 112
18 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— по повод на триесет и петгодишнината на формирањето, а за истакнати успеси во борбата против непријателот

СО ОРДЕН ПАРТИЗАНСКА ЗВЕЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

2. Мослогачка ударна бригада 33. дивизије;

— по повод на триесет и петгодишнината на формирањето, а за особени заслуги на делото ширење на братството меѓу нашите народи и народности во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите и народностите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

14. далматниска ударна бригада „Буковичка";

— по повод на триесетгодишнината на формирањето, а за особени заслуги во изградбата и оспособување на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЛАВРОВ ВЕНЕЦ

Војнофилмски центар „Застава филм",
Општовојни теориски часопис „Војно дело";

— по повод на дваесет и петгодишнината на формирањето, а за особени заслуги во изградбата и оспособувањето на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Техничка војна академија копнене војске;

— за појавена извонредна лична храброст при спасувањето на човечки животи

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

капетан на I класа Маричић Владе Бошко.

Бр. 120
1 ноември 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

382. Закон за измени и дополненија на Законот за основите на работењето на организациите на здружен труд во областа на прометот на стоки и услуги во прометот на стоки и за системот на мерките со кои се спречува нарушување на единството на југословенскиот пазар во таа област — 749
383. Избор и објавување на составот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — 750
384. Одлука за издавање на ковани пари од 25 пари — — — — — — — — — — 750
385. Одлука за избор на потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — 751
386. Уредба за дополнение на Уредбата за зголемување, намалување, односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи — — 751
387. Решение за определување сезонски гранични премини за меѓународен гранични сообраќај — — — — — — — — 751
388. Одлука за измени на Одлуката за начинот на утврдување и за височината на станарината за становите со кои управува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи — — — — — 752
389. Општествен договор за формирање Совет за следење на остварувањето на политиката на цените за 1979 година — — 764
390. Спогодба за промена на затечените цени за вонбродски мотори, за определени видови моторни пумпи, за стабилни мотори и за други производи опфатени со спогодбата — — — — — — — — — — 765
Одликувања — — — — — — — — — — 766

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.